CROATIA® осигурување/живот

WVP FUND MANAGEMENT

# Документ со клучни податоци

Овој документ содржи клучни информации за Осигурувањето на живот со повеќекратна уплата на премија каде договорувачот на осигурувањето го сноси инвестициониот ризик Flexi Invest кои ќе Ви помогнат во разбирањето на видот, ризикот, трошоците, можните добивки и загуби од ова Осигурување, како и за да Ви помогнат да го споредите со други производи. Не се работи за рекламен материјал.

FLEXI INVEST
Осигурување со врзување за цената на уделите на инвестициските фондови ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ РОИФ1518112014ВФПРИН6983120 и ВФП 100% БОНД РОИФ1716122016ВФ10БО6983120 управувани од ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје.

Осигурител: Кроациа Осигурување - Живот АД Скопје Ул. Костурски Херои 38, 1000 Скопје Надзорно тело: Агенција за супервизија на осигурување
Датум на документот: 18.01.2019 година.

**За какво осигурување станува збор?**

- FLEXI INVEST (Осигурување) е инвестициско осигурување на живот кај кое договорувачот го сноси ризикот од вложувањето каде што делот од премијата од основното осигурување по намалувањето за покритие од ризик за смрт и административнтие трошоци се врзуваат за цената на уделите во инвестициските фондови ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ и/или ВФП 100% БОНД.
- За цело времетраење на договорот за осигурување при секоја уплата на премија се пресметува и наплаќа премија за покритие на ризик од смрт.
- Административните трошоци се пресметуваат од секоја уплата на премија за осигурување за цело времетраење на договорот за осигурување
- Разликата од уплатената премија и збирот од премијата за покритие на ризик од смрт и административните трошоци, преставува премија за вложување која се врзува за цената на уделите.
- Инвестицискиот фонд ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ за инвестициска цел има остварување на адекватен принос за сопствениците на удели во фондот, односно раст на вредноста на уделот на долг временски период.
- Инвестицискиот фонд ВФП 100% БОНД за инвестициска цел има зголемување на вредноста на имотот, остварување на постојан раст на вредноста на уделот и високо ниво на сигурност при вложувањето.
- Инвестициската цел на Фондот ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ се остварува преку професионално управување со средствата на фондот, односно креирање на портфолио на хартии од вредност на најразвиените и најрегулирани пазари во светот преку инвестирање во големи компании - „Large Caps" кои се лидери во сопствените индустрии и имаат континуирана растечка историја на исплата на дивиденда кон инвеститорите.
- Инвестициската цел на Фондот ВФП 100% БОНД се остварува преку инвестирање претежно во должнички преносливи хартии од вредност (краткорочни и долгорочни), инструменти на пазарот на пари, депозити и инвестициски фондови со иста или слична стратегија на вложување.
- Во процесот на управување со средствата на Фондовите се применува експертизата на професионалниот тим на ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје, како и долгогодишното искуство со кое располага WVP Групацијата, особено инвестициската политика на вложување на затворениот инвестициски фонд WVP Invest од Австрија.

- Вредноста на референтниот број на удели не е загарантирана при истекот на осигурувањето, при откуп и при настанување на ризикот смрт. Со зголемување на цената на уделите на инвестициските фондови, се зголемува и вредноста на референтниот број на удели вложен во име на Договорувачот, со намалување на цената на уделите на инвестициските фондови, се намалува и вредноста на референтниот број на удели вложен во име на Договорувачот.
- Бројот на удели кој што се вложува во инвестицискит фондови во име на Договорувачот зависи од цената на уделите на датумот на купувањето. Цената на уделите на инвестициските фондови се утврдуваат во согласност со Правилата на работење и Проспектите на фондовите.
- Во проспектите на фондовите се наоѓаат детални информации за инвестициските фондови и клучните цели за вложување на фондовите.
- Осигурувањето се договара во евра, додека уплатата на премијата и исплатата на осигурената сума се исплаќаат во денари по среден курс на НБРМ на денот на уплата односно исплата.
- Во случај кога ќе настапи смрт, се исплаќа осигурената сума во случај на смрт како и рефернтен број на удели по вредност на петтиот работен ден од денот на поднесување на барањето за штетен надомест во Кроациа Осигурување Живот.
- Исплатата по истек на осигурувањето е еднаква на вредноста на референтниот број на удели на денот на истек на полисата.
- Вредноста на референтниот број на удели на одреден датум е еднаков на референтниот број на удели помножен со цената на уделите на Фондовите на тој датум
- Траењето на осигурувањето може да биде од 10 до 25 години. За договори за осигурување со траење од 10-15 години инвестицискиот дел се вложува во фондовите: ВФП 100% БОНД- 40% и ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ 60%. За договори за осигурување со траење од 16-25 години инвестицискиот дел во целост се вложува во фондот ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ.
- Во согласност со стратегиите и целите на вложување, Фондовите првенствено се наменети за лица кои се подготвени да прифатат ризик преку вложување на средства на долг рок во должнички и сопственички хартии од вредност со цел остварување на повисок очекуван принос на вложените средства.

**Кои се ризиците при ваков вид на осигурување?**

Профилот на ризичност на овој вид на осигурување зависи од профилот на ризичност на Фондовите при што референтната вредност на бројот на удели директно зависи од цената на уделите на Фондовите. Синтетичкиот показател на успешноста и ризичноста ги мери историските промени на цената на уделите на Фондовите. Иторииските податоци не се сигурен показател за идниот профил на ризичност на Фондовите. Прикажаните категории на ризичност и успешност на фондовите не се загарантирана, со текот на времето тие може да се менуваат. Најниската категорија не значи вложување без ризик. Вредноста на Вашето вложување во Осигурувањето може да расте и да се намалува и не е загарантирана.

**Зашто фондот е во наведена категорија?**

ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|

Понизок ризик — Повисок ризик

Обично понизок принос — Обично повисок принос

Пресметката на категоријата на ризичност се заснова на историското движење на цената на уделите и нето вредноста на имотот на Фондот од почетокот на постоење.

Со состојба на 31.12.2018 година, Фондот ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ се наоѓа во категорија 5, што упатува на умерено кон високо ниво на ризик и е во согласност со долгорочната стратегија на фондот.

Осигурувањето со врзување со Фондот ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ е изложено и на ризици.
Освен ризикот кој влијае на синтетичкиот показател на ризичност и успешност, Фондот е изложен и на дополнителни ризици кои можат значајно да влијаат на неговата вредност.

- Пазарен ризик - Нето вредноста на уделот во Фондот зависи од движењето на пазарните цени на хартиите од вредност кои се составен дел на портфолиото на Фондот. Намалувањето на цената на хартиите од вредност може да доведе до намалување на вредноста на портфолиото на Фондот и на остварените приноси и обратно, зголемувањето на цената на хартиите од вредност може да доведе до зголемување на вредноста на портфолиото на Фондот и на неговите приноси.
- Кредитен ризик – Веројатност дека издавачот на одредена хартија од вредност нема да биде во состојба, во целост или делумно, да ги подмири своите обврски во моментот кога тие ќе доспеат.
- Каматен ризик - Промената на каматните стапки може позитивно или негативно да се одрази на вредноста на средствата на Фондот, а особено на оној дел од средствата кој ќе биде инвестиран во депозити во овластени банки во Р.Македонија.
- Ликвиден ризик – Веројатност дека Фондот во одреден момент ќе има потешкотии при изнаоѓање на средства за да ги подмири обврските поврзани со повлекување на удели од Фондот како резултат на неможноста брзо да се продадат финансиските средства по цена приближно еднаква на нивната реална вредност, пред сé поради моменталната неповолна побарувачка на пазарот.
- Валутен ризик - Форма на ризик која се јавува при промената на цената на една валута во однос на друга. Фондот во своето портфолио поседува хартии од вредност деноминирани во различни валути и можните промени на овие валути во однос на домашната валута може да доведат до зголемување или намалување на вредноста на уделите.
- Политички ризик – Веројатност од евентуални политички кризи во земјите во коишто инвестирал Фондот согласно Проспектот, може да доведе до промена на имотот на Фондот.
- Ризик од промена на даночните прописи – Веројатност дека законодавната власт, во Република Македонија или во странство, ќе ги промени даночните прописи на начин кој негативно би влијаел на приносот на Фондот.

Детални иформации во врска со ризиците на коишто е изложен Фондот детално се објаснети во Проспектот и Скратениот Проспект за Фондот.

ВФП 100% БОНД

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|

Понизок ризик — Повисок ризик
Обично понизок принос — Обично повисок принос

Пресметката на категоријата на ризичност се заснова на историското движење на цената на уделите и нето вредноста на имотот на Фондот од почетокот на постоење.

Со состојба на 31.12.2018 година, Фондот ВФП 100% БОНД се наоѓа во категорија 3, што упатува на ниско кон умерено ниво на ризик и е во согласност со среднорочната стратегија на фондот.
Осигурувањето со врзување со Фондот ВФП 100% БОНД е изложено и на ризици.
Освен ризикот кој влијае на синтетичкиот показател на ризичност и успешност, Фондот е изложен и на дополнителни ризици кои можат значајно да влијаат на неговата вредност.

- Пазарен ризик - Нето вредноста на уделот во Фондот зависи од движењето на пазарните цени на хартиите од вредност кои се составен дел на портфолиото на Фондот. Намалувањето на цената на хартиите од вредност може да доведе до намалување на вредноста на портфолиото на Фондот и на остварените приноси и обратно, зголемувањето на цената на хартиите од вредност може да доведе до зголемување на вредноста на портфолиото на Фондот и на неговите приноси.
- Кредитен ризик – Веројатност дека издавачот на одредена хартија од вредност нема да биде во состојба, во целост или делумно, да ги подмири своите обврски во моментот кога тие ќе доспеат.

- Каматен ризик - Веројатност дека приносот до доспевање на купените должнички хартии од вредност ќе порасне, односно веројатност дека во моментот на продажбата на должничките хартии од вредност приносот до доспевање ќе биде повисок во споредба на оној кога определената должничка хартија од вредност била купена, а тоа, пак, ќе резултира со капитална загуба.
- Ликвиден ризик – Веројатност дека Фондот во одреден момент ќе има потешкотии при изнаоѓање на средства за да ги подмири обврските поврзани со повлекување на удели од Фондот како резултат на неможноста брзо да се продадат финансиските средства по цена приближно еднаква на нивната реална вредност, пред сѐ поради моменталната неповолна побарувачка на пазарот.
- Валутен ризик - Форма на ризик која се јавува при промената на цената на една валута во однос на друга. Фондот во своето портфолио поседува хартии од вредност деноминирани во различни валути и можните промени на овие валути во однос на домашната валута може да доведат до зголемување или намалување на вредноста на уделите.
- Политички ризик – Веројатност од евентуални политички кризи во земјите во коишто инвестирал Фондот согласно овој Проспект, може да доведе до промена на имотот на Фондот.
- Ризик од промена на даночните прописи – Веројатност дека законодавната власт, во Република Македонија или во странство, ќе ги промени даночните прописи на начин кој негативно би влијаел на приносот на Фондот.

Детални иформации во врска со ризиците на коишто е изложен Фондот детално се објаснети во Проспектот и Скратениот Проспект за Фондот.

## Дополнителни информации за ризиците

- Со вложување во овој вид на осигурување можат да се претрпат значителни загуби
- Во текот на периодот на вложување негативните пазарни трендови можат привремено да ја намалат вредноста на референтниот број на уделите, односно вредноста на референтниот број на уделите може да биде пониска во однос на почетната вредност на референтниот број на уделите.
- Вложувачот не го сноси ризикот од настанување на дополнителни финансиски обврски освен износот на вложеното во Осигурувањето.
- Осигурувањето не вклучува капитална гаранција која штити од пазарен и кредитен ризик.
- Даночните прописи на Република Македонија можат во иднина да имаат влијание врз исплатата на Осигурувањето. Во моментот во Република Македонија, со данок на доход се оданочува позитивната разлика помеѓу вкупно уплатената сума по основ на животно осигурување и исплатенатата осигурана сума. Подетална информација за основата за оданочување на доходот од осигурување може да се најде во членовите од 68 до 70 од Законот за данок на личен доход.
- Исплата на осигурувањето врз основа на осигурителното покритие, зависи од движењето на цената на уделите на Фондовите.

## ПРЕДНОСТИ ОД КУПУВАЊЕ НА FLEXI INVEST

- Можност за остварување на атрактивен принос со умерен ризик преку:
  - Професионално управување со средствата на фондовите
  - Диверзификација на портфолиото по земји, валути, инструменти
  - Автоматско реинвестирање на добивката
  - Инвестирање во големи компании од најразвиените држави во светот – Германија, САД, Швајцарија и др.
- Можност за обновување на FLEXI INVEST осигурувањето после истекот на иницијално договорениот период на осигурување.
- Осигурително покритие за осигуреникот во случај на смрт.

## Историски принос на Фондовите

### ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ




**Забелешки:**

> Историските приноси на Фондот имаат само информативен карактер и не претставуваат проекција на можниот принос на Фондот во иднина.

> Во графичкиот приказ е прикажан приносот што Фондот го остварил во последните 4 години (од 2015 година), земајќи ги предвид сите трошоци и надоместоци во тој период.

### ВФП 100% БОНД




**Забелешки:**

> Историските приноси на Фондот имаат само информативен карактер и не претставуваат проекција на можниот принос на Фондот во иднина.

> Во графичкиот приказ е прикажан приносот што Фондот го остварил во последните 2 години (од 2017 година), земајќи ги предвид сите трошоци и надоместоци во тој период.

## Што се случува доколку друштвото не е во можност да ја изврши исплатата?

(1) Во случај на ликвидација или стечај на Осигурителот, врз средствата за покривање на математичката резерва врзана за надомести во случај на смрт како и врз средствата за покривање на посебната резерва за надомест осигурени со договорот за осигурување кои се директно врзани за вредноста на вложувањата не може да се спроведе извршување ниту тие средства влегуваат во имотот, односно стечајната или ликвидационата маса на Осигурителот.

(2) Само во случај на настанување на неможност за спроведување на Договорот за осигурување поради причина во домен на избраниот инвестициски фонд односно фондови, согласно Законски прописи, осигурувачот ќе го извести Договорувачот за настанатата состојба и ќе го повика да избере промена на фонд односно фондови, само во рамки на фондовите со кои управува Друштвото за управување со инвестициски фондови наведено во понудата и полисата која е издадена при склучување на Договор за животно осигурување.

(3) Доколку Договорувачот не достави писмено барање за промена на фонд во наведениот рок од известувањето:
- Осигурувачот вредноста на референтниот број на удели на денот на настанување на состојбата наведена во став 2, ќе ја смета како паричен износ и на тој начин ќе избере друг фонд односно фондови со кои управува Друштвото за управување со инвестициски фондови наведено во понудата и полисата која е издадена при склучување на Договор за животно осигурување.
- Само во случај доколку не постои можност за распределба на премијата во други фондови од Друштвото за управување со инвестициски фондови наведено во понудата и полисата која е издадена при склучување на Договорот за животно осигурување, а тоа е во случај Друштвото за управување со фондови да престане да ја врши дејноста за која е регистрирано, тогаш осигурувачот вредноста на референтниот број на удели на денот на настанување на состојбата наведена во став 2 ќе ја смета како

паричен износ се до избор на нов фонд од страна на Договорувачот од листа на фондови одредени од страна на осигурувачот.

(4) Договорувачот може да побара промена на фонд во рамки на фондовите со кои управува Друштво за управување со инвестициски фодови кое е наведено во понудата и полисата која е издадена при склучување на Договорот за животно осигурување. Промената на фонд односно фондови се врши без надомест.

## Кои трошоци се пресметуваат?

- Трошоците кои се плаќаат ги вклучуваат трошоците за покривање на ризикот на осигурувањето во случај на смрт и админстративните трошоци.
- Вкупната сума на премијата е производ од договорената годишна премија и договореното траење на полисата.
- Детални информации за сите трошоци и надоместоци кои се пресметани во цената на уделите на Фондот, а се пресметуваат од имотот на Фондот се наоѓаат во Проспектите на фондовите кои се достапни на интернет страната www.wvpfondovi.mk
- Влезни и излезни трошоци за Фондовите не се наплаќаат.

## Колку долго би требало да имам Осигурување и може ли исплата од Осигурувањето да ја добијам порано?

- Траењето на Осигурувањето може да биде од 10-25 години.
- Во случај на откуп на осигурувањето, откупната вредност на полисата одговара на вредноста на референтниот број на удели на референтниот ден на откупот. Референтен ден на откуп е следниот работен ден по прием на барањето за откуп.
- Во првите 3 години не е дозволен откуп.

## Како можам да се жалам?

Дополнителни прашања или евентуални приговори на производот можат да се достават на http://www.cro.mk

## Други релевантни информации

Сите документи поврзани со овој производ се достапни на:

- Услови за осигурување на живот со повеќекратна уплата на премија каде договорувачот на осигурувањето го сноси ризикот од вложувањата (0544), со важност од 01.01.2019, интернет страницата на Кроациа Осигурување Живот АД (www.cro.mk),
- Согласност- согласноста е составен дел на понудата за осигурување и се потпишува заедно со понудата,
- Проспект на Фондовите, Скратениот Проспект, последниот ревидиран годишен извештај, полугодишниот извештај на Фондовите и цените на уделите на Фондовите се достапни на интернет страницата на Друштвото за управување со инвестициски фондови (www.wvpfondovi.mk)

Депозитна банка на Фондовите ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ и ВФП 100% БОНД е – Комерцијална Банка АД Скопје
Фондовите се одобрени во Република Македонија и ги регулира КХВ, Скопје

**Документот го прочитав и разбрав:**

Датум:

име и презиме/потпис

______________________